**ПРОФ. Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, ПРОРЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Д-р Ана Никодиновска Крстевска, ја извршува функцијата проректор за меѓународна соработка при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од 4 јули 2023 г. Д-р Никодиновска Крстевска е вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од област Европско право. Таа има завршено додипломски студии по меѓународни и дипломатски односи на Универзитетот во Неапол „Ориентале“, како и постдипломски студии по политички науки и одржлив развој на Универзитетот во Болоња „Алма Матер Студиорум“. Таа се стекнува со титулата доктор на науки по европски студии за интеграција на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2008 година, д-р Никодиновска Крстевска се вработува како помлад асистент на Правниот факултет при Унивезитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и оттогаш па наваму напредува во универзитетската кариера стекнувајќи се во 2019 година со звањето ‘вонреден професор’.

Во рамките на Правниот факултет, академските активности на д-р Никодиновска Крстевска заземаат значителни размери, со тоа што таа е посветена не само на развивање на образовната, научната и стручно-апликативната дејност поврзани со европското право и европските интеграции, туку и кон проширување на меѓународната видливост и соработка на Правниот факултет и на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како на регионално, така и на европски ниво и пошироко. Во делот на компетенциите коишто произлегуваат од функцијата – проректор за меѓународна соработка, д-р Никодиновска Крстевска е посветена на негување на меѓународната соработка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, негово вмрежување во Единствениот европски образовен простор, како и негова интернационализација во надворешните односи, промовирајќи ги европските вредности и целите на одржливиот развој.